СДСМ
И КОАЛИЦИЈАТА

5

# СВЕТЛАНА МИТРЕСКА АНЏЕЛКОСКА

за Брвеница



## СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!

СЕ БОРИМЕ
ЗА НАШИОТ ДОМ!



Мои сограѓани, ми претставува голема чест и уште поголемо задоволство што сум тука пред вас да ви се обратам и да ви се претставам. Јас сум Светлана Митреска-Анѓелкоска од с. Брвеница, магистер по економски науки, вработена во Комерцијална банка, филијала Тетово. Имам 32 години, сопруга и мајка на две деца. Реализирана сум на приватен и на професионален план, но голем предизвик за мене е да се реализирам како општествено одговорна личност и да го дадам својот максимум за подобро утре на вашите и на моите деца, на младите, на повозрасните и на граѓаните од трета доба од својот живот. За овој предизвик многу размислував и издвоив неколку приоритети според кои ќе успеам да ја реализирам мојата визија, но, секако, со ваша помош, и затоа ве повикувам да ми ја дадете вашата доверба, поддршка и вашиот глас.

Ако ја добијам вашата доверба, ви ветувам дека вредно, чесно и транспарентно ќе работам. Постојано ќе бидам меѓу вас граѓаните, ќе ги слушам вашите потреби и проблеми и ќе се потрудам заедно да ги решиме. Ќе се потрудам да дејствуваме во сите области што ве засегаат вам. Секој еден ќе биде ислушан затоа што само така ќе можеме да дејствуваме и оваа наша општина да ја направиме поубаво место за живеење. Ќе бидам отворена за сите ваши предлози и идеи, ќе ги следам трендовите на светско ниво и ќе се потрудам заедно да ги имплементираме тука кај нас. Мојата цел е секој еден да биде задоволен, да живее пристоен, а воедно и современ живот, економски независен, каде што акцент ќе ставиме на жените, особено на оние од ранливите категории. Затоа како институција ќе ја зајакнеме соработката со НВО, а особено со оние што се занимаваат со претприемаштвото и кои ќе ги едуцираат жените за понатаму да бидат конкурентни на пазарот на трудот. Посебен таргет ќе ни бидат ранливите категории граѓани, на кои ќе се трудиме да им помогнеме во рамките на можностите на општината како институција. Но исто така не помалку важно, а можеби и најважно, ќе работиме на проблематиката да израснеме здрави генерации, деца без пороци, и сите негативни работи што ни ги донесе современиот живот. Деца кај кои најважни ќе бидат моралот, принципите и нормите. Деца за кои утре заедно ќе се гордееме бидејќи здрави деца градат здраво општество.

**СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!**



# Советничка листа на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија и коалицијата за Општина Брвеница

Почитувани наши сограѓани, ние сме кандидати за советници во Советот на Општина Брвеница. Ја бараме вашата поддршка бидејќи имаме визија и цел нашата општина да биде поубаво место за живеење со кое ќе се гордееме. Ние имаме идеја како да ги задржиме младите во нашата општина, за постарите генерации ќе донесеме мерки со кои ќе им се олесни животот. Не ветуваме нешто невозможно, нереално, но во едно сме сигурни - заедно со вас и со вашата поддршка и со нашата кандидатка за градоначалник ќе се потрудиме да реализираме многу проекти на кои заедно ќе се радуваме. За нашиот мандат ветуваме дека чесно и транспарентно ќе работиме, секогаш ќе бидеме достапни за вас граѓаните, да ги слушнеме вашите потреби и заеднички да изнајдеме решенија.

1. Јовица Радески, р. 1983, ветеринарен техничар, СДСМ
2. Христина Аврамоска, р. 1989, сообраќаен техничар, СДСМ
3. Даниел Јовановски, р. 2000, студент, СДСМ
4. Јове Анѓелкоски, р. 1973, ССС, СДСМ
5. Тања Костадиноска, р. 1983, професор по одделенска настава СДСМ
6. Бојан Ѓорѓевски, р.2000 , ССС, СДСМ
7. Никола Јовановски, р. 1990, ССС, СДСМ
8. Тони Стаматоски, р. 1974, ССС, СДСМ
9. Катерина Лазаревска, дипломиран социјален работник, СДСМ
10. Благојче Сибиновски,р. 2000, ССС, СДСМ
11. Валјета Илиоска, р. 1973 , дипломиран социјален работник, СДСМ
12. Александар Китаноски, р. 1999, ССС, СДСМ
13. Душко Јовчески, р. 1989, ССС, СДСМ
14. Деспина Димоска, р. 1985, дипломиран економист, СДСМ
15. Александар Цветковски, р. 1988, ССС, СДСМ

СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!

# КАКВА Е СОСТОЈБАТА?!

Нашата држава се наоѓа на сериозна пресвртница. Премногу долго се потиснуваат реалните проблеми зад статистички извештаи и политички декларации. Вистината не може да се крие во розови интерпретации на податоци од разни табели – таа се слуша од гласот на граѓаните, од нивните секојдневни борби, стравови и стремежи.

Ние нема да ги игнорираме тие гласови. Ние ги слушаме, ги разбираме и дејствуваме. Нашата програма нема да се темели врз празни ветувања, туку врз соочување со реалноста, со изгубената надеж од предолгата транзиција на општеството, закочените европски интеграции и сѐ поизразената злоупотреба на власта.

Подолу ги претставуваме клучните предизвици со кои се соочуваме како општество. Време е да се соочиме со нив, без страв и без одлагање.

- **Значајно е намалена безбедноста на граѓаните**
- Здравствени ризици од енормно загадување
- Сообраќајна небезбедност
- Инфраструктурни недостатоци
- Кучиња скитници





## Институционална нефункционалност

- Партизација и слаб институционален капацитет
- Нехумано урбанистичко планирање
- Лошо одржување на инфраструктурата
- Еколошка деградација

## Корупцијата во јавните услуги

- Клиентелизам и непрофесионална јавна администрација
- Узурпации и непланско градење
- Неконтролирана експлоатација на ресурси
- Одолговлекување на постапки, наместо дигитализација

## Економска несигурност и масовно иселување

- Висока инфлација која ги топи платите
- Недоверба во системот
- Несоодветни јавни политики
- Бесперспективност







# НАШИОТ ПРИСТАП

Свесни за состојбите, за разочараноста на граѓаните и за политичката апатија што владее во општеството, храбро ја преземаме одговорноста да бидеме политички медиум преку кој граѓаните ќе можат да го направат посакуваниот целосен рестарт на системот.

Нашиот пристап се базира врз четири клучни столба околу кои би гравитирале сите стратегии, политики и проекти на СДСМ на претстојните локални избори и во време на мандатите на нашите градоначалници и членови на совети, кои ќе имаат реално позитивно влијание врз локалното население.

Ова не е само политичка платформа. Ова е повик за обнова на довербата, на системот, на иднината.



- **Младите во фокусот – Нова парадигма за здрав и одржлив развој**

- Градиме здрави и демократски свесни индивидуи
- Да бидеме поле за здрав и одржлив развој наместо расадник за светот
- Младите се нашата иднина и надеж – лесно достапно домување



## Чиста и здрава животна средина

- Беспрекорна комунална хигиена
- Чист воздух преку справување со изворите на загадувањето
- Расчистување на дивите депонии



## Функционален и безбеден јавен простор

- Хуман урбанизам – резиденцијални и културни/социјални хабови
- Сообраќајна безбедност
- Модерен и лесно достапен јавен превоз
- Зголемена мобилност



## Општини по мерка на граѓаните

- Отворени општини за граѓаните
- Да се слушне гласот на граѓаните
- Отчетни општини – нулта корупција
- Услужни и ефикасни општини



СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!

# ШТО НАПРАВИВМЕ НИЕ:

- Локален пат с. Челопек - Брвеница 1,092,448;
- Основен проект за Дел (Крак) од канализациска мрежа потез 03-12 со Л- 430,0 м во с. Долни Челопек – О. Брвеница 1,823,487;
- Основен проект за реконструкција и рехабилитација на улица „1“ во с. Милетино 4.264,773;
- Реконструкција и рехабилитација на улица „Браќа Јањиќ“ во с. Брвеница 2.246,194;
- Реконструкција на општински пат од с. Милентино до с. Блаце 4.592,324;
- Реконструкција на општински пат до с. Теново 8.047,086;
- Градежни работи за изградба, адаптација, доградба или надградба на простор за детска градинка во Брвеница „Сонце“ (преку проект за социјални услуги) (2019-2020) 80 18.031,19;
- Нов училиштен инвентар во ООУ „Коста Рацин“ во Брвеница и во ОУ „Гоце Делчев“ с. Стенче ПУ с. Гургурница;
- Обезбедени средства за целосна реконструкција на училиштето „Коста Рацин“ – с. Брвеница ( врати, прозори, фасада, кров) и реконструкција на училиштето 7 Марси;
- Реконструкција и рехабилитација на ул. „1“ со краци 1, 2, 3 и 4 во с. Радиовце;
- Реконструкција на ул. „Дубрава“ со краци 1, 2 и 3 во с. Брвеница;
- Основен проект за партнерно – дворно уредување на црквата „Св. Атанасиј“ с. Брвеница од 3.500.000,00 денари;
- Изградба на систем за одведување на отпадни води за населени места Брвеница и Долно Седларце, О. Брвеница 3.1 19.839,009;
- Отворена е канцеларија од ЦСР Тетово во рамките на О. Брвеница за давање социјални услуги;
- Основен проект за реконструкција и рехабилитација на улица „1“ со краци 1, 2, 3 и 4 во село Долно Седларце – О. Брвеница 3.000,000.00;
- Изградба на станбени улици во село Челопек, О. Брвеница 2.000,000.00

# А ШТО (НЕ) НАПРАВИЈА ТИЕ?!

- Недовршена канализациска мрежа во сите населени места во О. Брвеница
- Ветени, а ненаправени улици и улички
- Невратени во првобитна положба улиците и уличките по поставувањето на канализациската мрежа
- Ветено е довршување на клучката што го поврзува регионалниот пат со автопатот Гостивар – Скопје
- Ветуваа проширување на постојната детска градинка и зголемување на капацитетот за прием на деца
- Ветена, а неизградена полициска станица во местото викано Бриони – Челопек
- Ветуваа воспоставување европски практики и имплементирање на европски вредности
- Расчистување на сите депонии
- Изградба на мини спортски полигони за пензионери
- Поддршка на занаетчиството и мали локални бизниси (мини саеми и бесплатна промоција)
- Општински канцеларии за административни услуги од институции на централно ниво
- Изградба на ново монтажно училиште во с. Долно Седларце
- Нови простории во с. Брвеница
- Канти за отпадоци и дополнителни услуги од ЈП „Вардар"
- Изградба на трим-патека покрај р. Вардар
- Реконструкција на мостот на р. Вардар на патот до с. Милетино
- Изградба на дом за стари лица 2021 - 2023

СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!

# МОЈАТА ВИЗИЈА



- **Зошто се кандидирам? Што е мотивот?**

Мотивирана сум бидејќи имам голема визија за нашата општина за да ја направиме поубава, помодерна, почиста.

- **Колку е важно да се има визија за општината, за нејзино подобро функционирање и за нејзин развој. Дали во тој контекст е потребно да се има и визија за општеството во целина?**

Кога имаш визија, се стремиш да ја оствариш утре да ја видиш својата општина развиена, економски јака, со финансиски независни граѓани. Кога сите општини би биле развиени и економски јаки, би имале едно совршено општество.

- **Што е тоа што сметате дека мора да се направи во следниот мандат и натаму? Нешто што ќе направи промена. Дали е доволно да се понудат само инфраструктурни проекти?**

Да, инфраструктурните проекти се многу важни за една развиена општина, меѓутоа не е само тоа доволно. Во општественото

живеење граѓаните имаат потреба од развивање на сите сфери и области да можат нормално да функционираат за да имаат задоволни граѓани.

- **Колку се важни младите за нашата општина?**

Младите се духот на едно општество, движечка сила и секогаш треба да се во фокусот на вниманието.

- **Како гледате на општата безбедност на граѓаните? Кои се проблемите и како може да се решаваат?**

Недоволна сообраќајна контрола и недоволна покриеност со знаци и сигнали.

- **Дали доброто планирање на просторот и мобилноста се клуч за забрзан развој, но и за поквалитетно живеење? Што сметате дека е неопходно да се преземе во следниот период?**

Секогаш добро испланираниот простор го олеснува функционирањето на општината и на граѓаните како и поставување пристапни рампи до сите места каде што маргинализираните групи граѓани имаат потреба да се движат. За жал, кај нас пристапните рампи ги нема.

- **Особено во зимските месеци македонските градови се меѓу најзагадените во светот. Во многу места имаме проблем со диви депонии, а граѓаните имаат сериозни забелешки за јавната чистота дури и во најурбаните места. Осудени ли сме сите ние да живееме во ѓубре и отровен воздух?**

Да, загаден е воздухот во зима, а знаеме и зошто. Се палат дивите депонии и граѓаните се греат со несоодветен огрев, кој дополнително загадува. Дел од граѓаните, и тоа поголем дел се греат со отпадоци од фабриките за мебел кој е фарбан и лепен, а во себе содржи многу токсични супстанци.

- **Довербата на граѓаните во системот е на многу ниско ниво, а општата перцепција на јавноста е дека корупцијата цвета во нашата држава. Дали може да ја повратиме таа доверба? Дали подобрувањето на општинските услуги, зголемувањето на транспарентноста и отвореноста на општината кон граѓаните може да даде нова надеж?**

Со чесна и транспарентна работа, одговорна администрација ќе се врати довербата кај граѓаните.

- **Иселувањето е еден од најголемите проблеми, а следствено и наталитетот е во драстично опаѓање. Имаме ли иднина без луѓе? Како да ги задржиме луѓето во своите места да продолжат да живеат со перспектива за себе и за своите деца?**

Некорумпирано судство, здравство, образование и покачување на стандардот, како и промени на законските рамки во смисла на санкционирање и казнување.

- **Зошто граѓаните да гласаат за вас? Што е тоа по што сте различни од другите за да ви ја дадат токму вам довербата?**

Имам чисто минато и дел од визијата што ја имам се моите најголеми вредности, чесност, транспарентност и одговорност кон себе и граѓаните.

СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!

# ЗАЕДНО ДА ГИ МЕНУВАМЕ СОСТОЈБИТЕ!



За да се дојде до поквалитетно живеење, треба да направиме и многу системски промени. Квалитетно образование со вработување квалитетен кадар, вклучување на младите преку младинските совети во донесување на одлуките. Како мерки што би ги имплементирале за помош на младите брачни парови што имаат деца во основно образование да се издвојат средства од буџетот за доделување ранци за првачињата и парична помош за учениците што завршуваат деветто одделение, кои би им послужиле при запишување во средно образование. Покрај квалитетното образование да се вметнат принципи, вредности и морал, организирање културни настани каде што младите ќе се стекнат со културен раст. Посебно потребно вклучување на младите во локалниот економски развој на општината каде што ќе креираат идејни проекти за да се поставаат нови повисоки стандарди. Зголемена содржина за младински активности каде што младите ќе се рекреираат и едуцираат во исто време за да се одвојат од социјалните мрежи и другите пороци на денешницата. Да се мотивираат жените да започнат сопствен бизнис преку



зголемена соработка со НВО. Организирање активности за зачувување на женското здравје. Изнаоѓање и опремување на просторија за рекреативни активности на пензионерите. Поддршка на пензионерите со спроведување мерки од страна на Владата и Министерството за труд и социјална политика. Во однос на безбедноста на граѓаните, многу е важно да се реши проблемот со кучињата скитници со склучување договор со ветеринарна установа, што би значело заловување, третирање и повторно пуштање на кучињата со што би се намалила опасноста. При третирањето би се вакцинирале, прочистиле и би се стерилизирале. Исто така, горчлив проблем е и сообраќајниот метеж во нашата општина за која цел би се зголемила сообраќајната контрола поради брзото возење на несовесните возачи и би се поставиле соодветни сообраќајни знаци и би се презеле други сообраќајни мерки. Во врска со сообраќајниот метеж ,потребна е многу ати ветена, но никогаш реализирана клучката на автопатот Гостивар - Тетово - Скопје. Организирање и реализирање форуми во заедниците како начин на најнепосредно учество на граѓаните во креирање на локалните политики и сето тоа би се реализирало преку Одделението за локален економски развој. Да се организираат повеќе јавни собири со граѓаните како изворно би се слушнале нивните проблеми и заеднички да се изнајдат решенија. Но не помалку значајна е и борбата против загадувањето и здравствените ризици што ги носи тоа. Во тој контекст би се направиле промени во Одделението за комунални дејности со вработување повеќе инспектори што ќе третираат повеќе сфери, меѓу кои и животната средина. Би се зачестила теренската работа на инспекторите со следење на граѓаните што несовесно постапуваат при депонирање на отпадот создавајќи диви депонии и нивно санкционирање. Да се зајакне соработката со месните заедници за да се слушне гласот на народот.

**СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!**

# КАПИТАЛНИ ПРОЕКТИ

## ■ Пречистителна станица



Со изградба на пречистителната станица што ги опфаќа фекалните отпадни води на населените места с. Милетино, с. Челопек, с. Брвеница и с. Долно Седларце, би се решил еден од горчливите проблеми бидејќи веќе неколку години фекалиите се одлеваат во реката Вардар на која има само преттретман за изградба на колектор и претставува потенцијална опасност за здравјето на населението и животните, а воедно реката Вардар е едно од позначајните нешта во нашата општина, природен ресурс околу кој виреат многу растенија, односно се простираат плодни ниви од каде што населението собира плодови, а кои се наводнуваат од самата река, во случајов загадена. Самиот недостиг на колектор претставува исто така потенцијална опасност за заразни болести, особено во летните горештини каде што многу е лесно да се шири заразата. За жал, реката Вардар веќе не е толку посетена од риболовци што би значело дека е намален рибниот фонд и покрај тоа што се порибува. Овој проект е од особено значење како за населението, така и за растителниот и животинскиот свет во реката Вардар, односно заштита на животната средина.

**Влијание на проектот:**
Со изградба на пречистителната станица би се заштитила животната средина.

**Целна група:**
Населението на Општина Брвеница

**Рок на реализација** 2026 - 2028 година
**Буџет** 80.000.000,00 денари



## Изградба на Дом за стари лица

Третата доба од животот на човекот заслужува посебно внимание, помош и нега. Старите лица се дел од нашето општество, дел од нашето минато, лица што помогнале во изградбата на денешницата, затоа со посебно внимание треба да се потрудиме и да им ја направиме оваа трета доба полесна, поздрава и поквалитетна. Изградбата на Дом за стари лица во ова динамично време во трка по работа и финансии што се неопходни за еден живот, ќе ни биде олеснување во секој поглед и за младите и за старите. И еден нов момент каде што имаме отселување на млади брачни парови во потрага за работа, старите остануваат дома затоа што не тешко се адаптираат кон новата средина и остануваат без грижа и нега. Воедно во Домот би се вработиле стручни лица со што би се зголемила вработеноста, а старите лица би биле згрижени во однос на храна и лекарска нега.

**Влијание на проектот:**
Поради зголеменото иселување на младите, голем дел од старите лица остануваат сами и незгрижени. За нив е потребно да се обезбедат услови за подобрување на животот, рекреација и социјализација. Со реализација на проектот се отвораат и нови работни места за младите.

**Целна група:**
Сами и изнемоштени стари лица.

**Рок на реализација** 2026 - 2029 година
**Буџет** 30.500.000,00 денари

# КАПИТАЛНИ ПРОЕКТИ

## ■ Изградба на Дом на култура

Иако сме рурална општина, а воедно со тоа никогаш не добиваме буџетски средства како урбаните, сепак Домот на култура е неопходен за афирмација и развивање на културно-уметничкиот живот во нашата општина. Уште одамна датираат културно-уметнички друштва, а денес се регистрирани повеќе КУД од двете националности што дејствуваат на територијата на нашата општина, на други општини и на меѓународно ниво. Се организираат културно-уметнички настани, но секогаш на отворено и на несоодветни места со несоодветни услови. Доколку би имале Дом на култура, овие настани би се организирале тука, а би се развиле и многу други секции од областа на уметноста и културата бидејќи би имале каде да се претстават. Изградбата на ваков објект особено би им помогнала на младите, кои би имале уште едно катче каде да го поминат своето слободно време. Покрај тоа, би се подобриле условите во образовниот систем и би дошле до израз драмските, литературните, музичките и други секции.





**Влијание на проектот:**
Бидејќи младите се фокусот на едно општество и за да ги развиваме културно, потребно е да се изгради Дом на култура. Во нашата општина постојат повеќе културни друштва, а немаат простор каде да настапат со своите изведби. Исто така, КУД од Брвеница има меѓународна соработка со други КУД од земјава и странство, а немаат соодветен простор.

**Целна група:**
Сите граѓани на општината

**Рок на реализација** 2026 - 2029 година
**Буџет** 35.000.000,00 денари

# ПРОЕКТИ

## Проширување на трите моста на реката Вардар

Проширување на три моста преку реката Вардар во населените места с. Челопек, с. Милетино и с. Стенче.

**Влијание на проектот:**
Со зголемување на фреквенцијата во сообраќајот е нарушена безбедноста и доаѓа до чести сообраќајни незгоди  што е услов за проширување на мостовите. Покрај тоа, тие се еднонасочни и го отежнуваат протокот во сообраќајот.

**Целна група:**
Сите учесници во сообраќајот

**Рок на реализација**
2026 – 2027 година

**Буџет**
8.000.000,00 денари

## Изградба на зелен парк

Нешто што навистина ѝ недостасува на нашата општина е место што би служело за одмор и рекреација на сите возрасни граници. Особено младите би имале место каде што би се собирале за дружење и би го поминувале своето слободно време како еден начин да се оттргнат од пороците што ги практикуваат денес.

**Влијание на проектот:**
Да се зголеми социјализацијата без користење на модерните алатки за да можат децата практично да се дружат.

**Целна група:**
Од најмала до најстара возраст.

**Рок на реализација**
2026 - 2027 година

**Буџет**
5.500.000,00 денари

## Реконструкција, поплочување и асфалтирање на локални патишта

Реконструкција, поплочување со бехатон-коцки и асфалтирање на веќе постојни локални патишта во сите населени места во општината.

**Влијание на проектот:**
Подобрување на условите и поквалитетен живот на граѓаните.

**Целна група:**
Населението на Општина Брвеница

**Рок на реализација**
2025 - 2029 година

**Буџет**
20.000.000,00 денари

## Зголемување на капацитетот и обновување на водоводната мрежа

Замена на веќе постојната водоводна мрежа со нов водоводен систем со поголем капацитет и изградба на нова водоводна мрежа во зависност од новонастанатите потреби.

**Влијание на проектот:**
Со зголемување на бројот на население во Општина Брвеница, како и изградба на нови домаќинства и индустриски објекти, се зголемува потребата од поголем капацитет на водоводна мрежа.

**Целна група:**
Населението во Општина Брвеница

**Рок на реализација**
2025 - 2029 година

**Буџет**
40.000.000,00 денари

**СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!**

# ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ – СО ВЛИЈАНИЕ ВО СЕКОЈА УРБАНА И МЕСНА ЗАЕДНИЦА

- **Месна заедница с. Стенче**

1. Проширување на мостот на реката Вардар
2. Поплочување на локални патишта со бехатон-коцки

- **Месна заедница с. Милетино**

1. Проширување на мостот на реката Вардар
2. Реконструкција на водоводната мрежа
3. Доизградба на канализациска мрежа

- **Месна заедница с. Челопек**

1. Проширување на мостот на реката Вардар
2. Изградба на Дом за стари лица
3. Поставување канти за отпад

- **Месна заедница с. Блаце**

1. Реконструкција на основното училиште

- **Месна заедница с. Теново**

1. Поплочување на локалниот пат со бехатон-коцки до црквата „Св. Недела"
2. Реконструкција на основното училиште

- **Месна заедница с. Гургурница**

1. Решавање на проблемот со вода

- **Месна заедница с. Радиовце**

1. Чистење и уредување на речното корито на Боговинска Река

- **Месна заедница с. Долно Седларце**

1. Поплочување со бехатон-коцки до м.в. Мерис
2. Чистење диви депонии
3. Поставување канти за отпад

- **Месна заедница с. Волковија**

1. Чистење диви депонии

- **Месна заедница с. Брвеница**

1. Поплочување на непоплочените улици и улички со бехатон-коцки
2. Изградба на рекреативен парк
3. Уредување на центарот
4. Поставување канти за отпад
5. Изградба на Дом на култура

# СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!

За Брвеница

СДСМ
И КОАЛИЦИЈАТА

СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!

СДСМ И КОАЛИЦИЈАТА